РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 09-519/6
16-10-2020 г./v.

Врз основа на член 22 став 7 а во врска со член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), како и член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (пречистен текст), постапувајќи по пријава, на триесет и деветтата седница, продолжение одржано на ден 07.10.2020 година донесе

## ОДЛУКА

**Се констатира состојба на судир на интереси, кај лицето** --------------, член на Советот на Општина -----------, затоа што спротивно на член 44 став 4 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси извршува две функции, односно покрај функцијата членот на Совет на Општина ------- ја истовремено ја извршува и функцијата член на Училишен одбор во ----------------.

Согласно член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, Одлуката се доставува до именуваната за известување и постапување во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката да го отстрани судирот на интереси, односно да се откаже од една од функциите кои во моментот ги извршува, а воедно во прилог ќе достави и доказ за постапување.

## Образложение

Предметот со број 09-519/1 од 24.01.2020 година е оформен врз основа на добиена пријава за покренување постапка за утврдување судир на интереси против членот на Совет на Општина ----------, ----------- од познат подносител, со наводи дека членот на Совет на Општина -------, ---------- истовремено ја извршува и функцијата член на орган на управување – Училишен одбор на ----------------.

Државната комисија за спречување на корупцијата со цел утврдување на фактичката состојба и потврдување на наводите во претставката достави барање до наведеното училиште за обезбедување на податоци дали лицето ------------ е именувана за член на Училишен одбор на ---------------- и доколку е именувано наведеното лице во прилог да се достави решение од именување на Член на училишен одбор во ----------------- . Во законски --------------------- ги достави бараните податоци, при што се констатира следнава фактичка состојба: Лицето ----------- е член на Училишен одбор во -----------------, именувано со Одлука (бр. 07-9871/15 од 27.12.2017 година) од Советот на ------------.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

02-12-2020 ҮЗ

Понатаму, по увид во Изјавата на за интереси на лицето -------------------- доставена на 21.11.2017 година се констатира дека наведеното лице е избрано за член на Совет на општина ---------------- на локалните избори во 2017 година со број на акт 11-275/1 од 25.10.2017 година.

Имајќи го во предвид погоре изнесеното, Државната комисија за спречување на корупцијата на својата 39-ва седница заклучи дека во конкретниот случај **се потврдуваат наводите во пријавата**, односно **се потврдува состојба на судир на интереси** кај лицето ---------------. Статусот на избрано лице, оневозможува истовремено извршување на повеќе функции и должности, во овој случај две функции, бидејќи тоа е спротивно на член 44 став 4 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси: (4)„*Избрано или именувано лице не може истовремено да врши функција на одговорно лице или член на орган на управување или надзорен орган во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал.*"

Согласно член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите оваа Одлука се доставува лицето ------------- со која му се укажува на неопходноста да преземе чекори во насока на отстранување на утврдените повреди на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, на начин што во рок од 15 дена од доставувањето на одлуката да се откаже од една од функциите кои во моментот ги извршува, за истото да ја извести Државната комисија со приложување на доказ за постапувањето.

Врз основа на погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Правна поука**: Против оваа одлука може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на оваа одлука.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје Shkup KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновски**

Изработил:
С.М - Виш Соработник
Одобрил:
Г.Т., член на ДКСК